онлајн-издание
НОВА МАКЕДОНИЈА
ПРВИОТ МАКЕДОНСКИ ДНЕВЕН ВЕСНИК

http://www.novamakedonija.com.mk/DetalNewsInstant.asp?vestInstant=53393

вторник, 27 октомври 2015, 19:41

*Нова Македонија*

# Едукативна работилница „Јадливите габи во Македонија и нивните двојници“

**Во рамките на проектот „Уредување на споменикот на природата Белешничка Река“ во Македонски Брод се одржа едукативна работилница на тема „Јадливите габи во Македонија и нивните двојници“**




Презентер на оваа работилница беше Проф. Др. Митко Караделев од Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

На презентацијата беа присутни голем број заинтересирани граѓани од Македонски Брод и Поречието, кои се интересираа како да ги препознаат јадливите габи од нивните двојници.

Професорот Караделев трпеливо одговараше на поставените прашања, а преку видео проекција им ги претстави разликите и сличностите помеѓу овие габи.

Автор:З.А.